ЛЕКЦИЈА 17

# МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење го воведува во наставата поимот младински активизам. Учесниците ќе се запознаат со некои детали за младинскиот активизам, а потоа ќе се фокусираат конкретно на младинскиот активизам во областа на медиумите. За време на часот, учесниците ќе разговараат за прашања како што се: Што е младински активизам, зошто е важен, какви форми на младински активизам постојат, како младите стануваат активисти.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Млади, Активизам, Младински активизам, Вклученост, Медиуми*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Лекција за младински активизам од mediactiveyouth.net*
- *Кратка видео лекција за младински активизам*
- *PowerPoint презентација за младински активизам*
- *Младински активизам: Интернационална енциклопедија, Lonnie Sherrod, 2006, преглед преку Google Books*
- *Julia Reticker-Flynn, Youth Activist's Toolkit, 2013*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на оваа лекција е учесниците да ја разберат дефиницијата, формата и важноста на младинскиот активизам, особено во областа на медиумите, и да ги сфатат основите за улогата на младинскиот граѓански и јавен ангажман.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците подобро ќе ја разберат дефиницијата, формата и важноста на младинскиот активизам, ќе ја сфатат неговата врска со полето на медиумите и ќе ги усвојат основните претпоставки за улогата на младинскиот граѓански и јавен ангажман.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање:** Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на оваа тема. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, подготвува PowerPoint/Prezi презентација; различни наставни методи: предавање, дискусија, групна работа, саморефлексија.

**5-30 Заедничко учење** – првите 25 минути учесниците зборуваат за младинскиот активизам; користејќи PowerPoint презентација, едукаторот им покажува примери и видео клипови од младински активизам и ги дискутира со учесниците

**30-55 минути: Користење на веб-ресурси како материјал за учење** – Едукаторот пушта клипови за примери на младински активисти: Кони 2012 за придонесот на младинскиот активизам за препознавање и гонење на криминалците во Африка; Моето име е Малала, за пакистанската младинска активистка Малала Јусафзаи, која ја доби Нобеловата награда за мир за нејзините напори за универзално право на училиште за сите деца, и шведската еколошка активистка Грета Тунберг. Дискутирајте со учесниците за случаи на младински активизам од нивното опкружување, соседство или земја. Што мислат тие дека може и што треба да се направи?

Додека ја презентирате содржината, погрижете се да комуницирате со слушателите и да ги поттикнете на активно учество.

**55-60 минути: Заклучок:** Направете кратко резиме на лекцијата и поставете неколку прашања кои помагаат во поентирање на најважните пораки што би сакале да ги дадете.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/десктоп, интернет конекција, Moodle/Kahoot.

PowerPoint/Prezi презентација која е збогатена со визуелни материјали (слики и видео клипови) и фактички информации базирани на истражување.